РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 02-3044/3
01.08. 2024 год.
ВЕЛЕС

ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

---

**Комисија за селекција за избор на член во Надзорен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци**

Врз основа на член 7 став (2) од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија (,,Службен весник на Републиика Северна Македонија" бр.283 од 27.12.2022 година, Комисијата за селекција за избор на член во Надзорен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци формирана со Решение арх.бр.25-2823/24 од 08.07.2024 година, од страна на Советот на Општина Велес во состав:

1.Анита Пивкова-претседател
2.Сања Карабатова Игновска-член
3.Сања Самаракова- член

за текот на постапката за селекција го поднесува следниот

**ЗАПИСНИК**
**за постапка на селекција (административна селекција-фаза 1 и интервју-фаза 2), по објавен Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Надзорен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци бр.25-2823/22 од 08.07.2024 година.**

Комисијата спроведе постапка на селекција (административна селекција-фаза 1 спроведена на 30 07.2024 г. и интервју-фаза 2, спроведено на 31.07.2024 г. за член во Надзорен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци.

**-Административна селекција**

Состанокот на Комисијата одржан на 30 јули 2024 година, започна во 12,30 часот и со него претседаваше претседателот на Комисијата, Анита Пивкова.
На состнокот на Комисијата присуствуваа членот Сања Карабатова Игновска и членот Сања Самаракова.
Согласно член 17-б и член 17-в од Законот за јавните претпријатија, Комисијата спроведе административна селекција на кандидатот за член на надзорен одбор, уредно пријавен на Јавниот повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Надзорниот одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за

згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци бр.25-2823/22 од 08.07.2024 година

При административната селекција (фаза1), Комисијата изврши проверка на внесените податоци во поднесената пријава со условите утврдени со Јавниот повик и Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и врз основа на член 5 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување, селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија изврши бодување на пријавениот кандидат, според стекнато образование и работното искуство во струката, при што ги бодуваше и сите поединечни докази (сертификати, лиценци, уеренија, дипломи издадени од акредитирани институции) од областа за која треба да биде членот на Надзорниот одбор.

Врз основа на спроведената административна селекција Комисијата констатираше дека на Јавниот повик е пријавен само еден кандидат и истиот ги исполнува условите утврдени во Јавниот повик, и ја приложи бараната документација:

Комисијата го изврши следното бодувањето врз основа на доставените докази: Државјанство, диплома за завршено високо образование ,потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна забрана за вршење на професија, дејност или должност, Историјат за вработување од Агенција за вработување на Република Северена Македонија со евидентиран стаж, Изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна материјална, морална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведените податоци во пријавата и за поднесената документација, биографија, писмо за интерес/мотивација, и лиценца.

На единствениот пријавен кандидат Сашка Чонева Симсарова која има работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие (од областа на Фармација)

Комисијата ја бодуваше со вкупно 26 бода.
-бодови за стекнато образование-10 бода
-бодови за работно искуство во струката-15 бода
-останати докази (сертификати, уверенија, лиценци)-1 бод
Состанокот на Комисијата заврши во 13 часот.

**-Интервју-фаза 2**

По спроведената административна селекција, Комисијата на ден 31.07.2024 година, спроведе интервју со кандидатот кој ја помина административната селекција.

Интервјуто започна во 14:30 часот во Електронската сала на Општина Велес.

На интервјуто беа поставувани ситуациони прашања со цел да бидат проверени општите работни компетенции за член на надзорен одбор на јавното претпријатие, како и стручни прашања, практични задачи за да се проверат посебните работни компетенции на кандидатите.

Врз основа на спроведеното интервју, Комисијата го изврши следното бодување:

-Сашка Чонева Симсарова вкупно 30 бода.
-ситуациони прашања-15 бода
-стручни прашања-15 бода

**Комисија за селекција за избор на член во Надзорен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци**

Анита Пивкова, Претседател---------------
Сања Карабатова Игновска, член_____
Сања Самаракова член____________________